**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**ОПШТИНА КОНЧЕ**

Општина Конче, 2424 Конче
Тел: +389(0)32 630 325
www.konce.gov.mk / e-mail: opstina.konce@t.mk

# СООПШТЕНИЕ

Поради невообичаено високите температури за овој период од годината и сувиот вегетациски горлив материјал потпомогнати од човековото невнимание негрижа при престојот низ полето и во шумата, ке придонесат зачестена појава на пожари на отворени простори од која појава се предизвикуваат поголеми материјални штети.Заради заштитата на ваквите појави во овој период од страна на граѓаните се бара посебно внимание при престојот во полето и во шумата, при изведување на полски работи, напасување на добитокот, рекреирање и престој во природа особено од страна на сточари, земјоделци, шумски работници, излетници и други љубители на природата.

**Поради тоа ОПШТИНА КОНЧЕ ГИ ПРЕДУПРЕДУВА граѓаните да ги превземаат следните противпожарни и други мерки за заштита од пожар.**1. **ЗАБРАНЕТО** е палење на стрништа, плевели и други растителни отпадоци од сув вегетациски горлив материјал во ловиште, пасиште и на земјоделско земјиште односно палење на отворен оган низ полето, во шумата, шумските комплекси и нивна непосредна близина.Против сторителите на прекршокот од страна на надлежните инспекциски органи ќе бидат превземени соодветни санкции согласно Законот за прекршоци2. Согласно член 29 од Законот за пожарникарство секој граѓанин кој ќе забележи непосредна опасност од настанување на пожар или ќе забележи пожар, должен е да ја отстрани опасноста, односно да го изгасне пожарот, ако тоа може да го стори без опасност за себе или друго лице.Доколку не може да го стори тоа сам, потребно е да пријави на следните броеви:

**Единствен повикувачки број достапен 24/7 бр.112**
**– Противпожарна единица – 193, ЦУК-195**
**-Полициска станица 192,О.Конче 075-496-013**

**Општина Конче**